.

**ПОРТФОЛИО**

**НА БИБЛИОТЕКАТА АЛ-БИ, С. БАБИНО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**.**



**.**



# ПОРТФОЛИО

НА БИБЛИОТЕКАТА АЛ-БИ с. БАБИНО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## I. Основање

Постои пишан документ од кој може да се види дека библиотеката е основана во 1882 година. Школски пример дека книгите имаат своја судбина како и човекот е токму оваа библиотека. Имено мојот прадедо Јован како и останатите војници од Османлискиот период, во недостаток на пари во државната каса наместо со пари бил исплатуван со книги. За среќа, заради неговите понагласени културни потреби и тогашната општа културна клима имал можност лесно да дојде до позначителен број книги печатени на турски, арапски и персиски јазик, најголем број од нив пред кодифицирањето на турскиот јазик. Таа традиција во текот на наредните децении е продолжена од неговите поколенија, а тоа книгољубие со не помал жар живее и ден денес во нашето семејство.

## II. Регистрирање на Здружението Библиотека АЛ-БИ

Библиотеката АЛ-БИ с. Бабино, Демир Хисар, регистрирана е на ден 27.04.2004 год. во Основниот суд Битола, РЕГ ЗГФ 26/2004. Според Решението на Државниот Завод за Статистика бр.24-3466/1 од 18.05.2004 год. утврдени се следниве податоци за деловниот субјект: Број на деловниот субјект (БДС) 5871204, Облик на организирање (Шифра) 10.3, Дејност на посредување во културата и дејност на објектите за култура (Шифра 92.32). Основачи на Здружението Библиотека АЛ-БИ се: Стево Степановски, Фросимка Радовска, Ристо Дамјановски, Татјана Андреевска, Маја Димитровска, Анита Паликари – Сталевска и Љубица Неделковска. Овластен застапник и потписник е Стево Степановски.

## III. Цели за кои постои библиотеката

Целите и задачите за кои постои библиотеката како институција произлегуваат од дефиницијата на УНЕСКО, а поделени се во три основни групи: културни, образовни и информативни. Библиотеката е меѓу првите кои го применува Манифестот на јавните библиотеки (UNESCO Public Library Manifesto 1994) стануваjќи локален центар кој обезбедува знаење и информации што им се достапни на корисниците. Фундаментална

**ЦЕЛОТО ПОРТФОЛИО ВО ПДФ ФОРМАТ Е ДОСТАПНО ТУКА**




ИЛИНДЕНСКОТО
ВОСТАНИЕ





.


ОТПРЕТАНИ
СВЕДОШТВА
ВОЈНИЧКИ ПИСМА
ОД ГОЛЕМАТА ВОЈНА
1914-1918

